# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Број 10
04.11.2021 година

Службен гласник на општина Делчево
Излегува по потреба

Уредува
Одделение за правни и општи работи

НОЕМВРИ,2021

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево ( „Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден 04.11.2021 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ АКТИ ОД КОНСТИТУТИВНАТА СЕДНИЦА
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Да се објават во „Сл.гласник на општина Делчево“, актите што Советот на Општина Делчево ги донесе на својата Конститутивна седница, одржана на 03.11.2021 година и тоа:

1. **Решение** за избор на претседател и членови на Комисијата за верификација, мандатни прашања,избори и именувања;
2. **Решение** за верификација на мандатите на членовите на Советот на Општина Делчево;
3. **Решение** за избор на претседател на Советот на Општина Делчево;

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 08- 2134/1

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

04.11.2021 година
Делчево

Градоначалник,
Горан Трајковски,с.р.

1.

Врз основа на член 30 и 32 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013 2/2019 и 1/2021), а согласно член 4 и член 122 од Деловникот на Советот на Општина Делчево (“Службен гласник на Општина Делчево” бр.12/2006), Советот на Општина Делчево, на својата Конститутивна седница, одржана на ден 03.11.2021 година, донесе

РЕШЕНИЕ

за избор на претседател и членови

на Комисијата за прашањата на верификација,

изборите и именувањата

I.За претседател и членови на Комисијата за прашањата на верификација, изборите и именувањата се избираат:

1.Гоце Попов, претседател

2. Зекир Абдулов, член

3. Бојана Гоцевска, член

4. Сашко Ивановски, член

5. Сања Николовска, член

II. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Делчево”.

Број 09- 2130/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

03.11 2021 год. Претседател,

Д е л ч е в о Марјанчо Велиновски,с.р.

2.Врз основа на член 5 и 6 од Деловникот на Советот на Општина Делчево и врз основа на поднесениот Извештај од Комисијата за прашањата на верификација, изборите и именувања на Советот на Општина Делчево, Советот на Општина Делчево на својата Конститутивна седница, одржана на 03.11.2021 година, донесе

РЕШЕНИЕ

за верификација на мандатите на членовите

на Советот на Општина Делчево

I.Се верифицираат мандатите на членовите на Советот на Општина Делчево избрани на Локалните избори одржани на 17 октомври 2021 година, кои присуствуваат на Конститутивната седница и тоа:

1. Гоце Попов
2. Сашко Ивановски
3. Јасмина Ќурчиска
4. Оливера Ташевска
5. Марио Скакарски
6. Кристи Стојковски
7. Сунчица Ѓорѓиева
8. Иван Гоцевски
9. Кирил Тренчевски

10. Бојана Гоцевска
11. Марјанчо Велиновски
12. Сања Николовска
13. Зекир Абдулов
14. Стефанија Атанасова Јовановски
15. Дејан Георгиевски

II.Мандатот на членовите на Советот трае 4 (четири) години.

III. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен

гласник на Општина Делчево”.

Број 09- 2131/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

03.11.2021 год. Претседател,

Д е л ч е в о Марјанчо Велиновски,с.р.

3.Врз основа на член 47 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 19 став 1 од Статутот на Општина Делчево „Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), како и член34 од Деловникот на Советот на Општина Делчево (“Службен гласник на Општина Делчево” бр.12/2006), Советот на Општина Делчево, на својата Конститутивна седница одржана на ден 03.11.2021 година, донесе

РЕШЕНИЕ

за избор на претседател

на Советот на Општина Делчево

I.За претседател на Советот на Општина Делчево се избира Гоце Попов, дипломиран инженер архитект од Делчево.

Член 2

II.Мандатот на претседателот на Советот трае 4 (четири) години.

Член 3

III.Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл.гласник на Општина Делчево”.

Број 09-2132/1 | СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

03.11.2021 год. | Претседател,

Д е л ч е в о | Марјанчо Велиновски,с.р.